**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 ч. на ден 31.08.2019 г. до 08:30 часот на ден 01.09.2019 г.**

Дел. Бр. 14-10/243
01.09.2019 година

Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk

**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни пожари*

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **ШС Кајмакчалан – Битола,** во која се наведува дека пожарот во атарот на **с.Брник** сеуште е активен. Еден крак од пожарот се движи према **с.Рапеш** со помал интензитет каде интервенираат **ТППЕ Битола** со 1 ПП возило со 2 пожарникари, додека друг крак се движи према **селата Долно Ореово, Грумази** и **Паралово** каде што интервенираат 12 работници од **ШС Кајмакчалан – Битола** и 10 работници од **ЕЛС Новаци,** а **ДЗС** ангажирале дополнителни 5 работници. Теренот е непристапен и тешко се интервенира, а досега опожарени се околу 120 Ха.

Од **ЕЛС Новаци** добиено е барање за ангажирање на воздухоплови од **Армијата на Р.С.Македонија** и истото е доставено до **ОЦ ГШ на АРСМ.**

**РЦУК – Струмица,** известува дека во **општина Радовиш,** пожарот на **планината Готен,** кај **селата Покрајчево** и **Злеово** сеуште е активен. На истиот интервенираат **ДЗС** со 10 лица, 44 лица од **Македонски шуми**, **ТППЕ Радовиш** со 7 пожарникари, од ЈП Плаваја Радовиш со цистерна како и 2 трактори за дотур на вода. Во периодот од 09:30 до 11:30 часот интервенирал и хеликоптер на Армијата на Р.С.Македонија.

**РЦУК – Велес,** известува дека пожарот кај **с.Ораовец** кој беше препалуван веќе неколку пати и кој на ден **30.08.2019 година** беше целосно ликвидиран, од 12:10 часот на ден **31.08.2019 година** повторно е запален и е со најголем интензитет до сега. Од **ТППЕ Велес** известуваат дека до сега опожарена се над 200 хектари трева, трње, ниско - стеблеста дабова шума и смрека и пожарот се шири во два правци. Едниот крак према **с.Којница** е изгаснат од страна на воздухопловите на **ДЗС** и **АРМ** и нема опасност пожарот да ги зафати

викенд куќите и куќите во **с.Војница**, а другиот крак према **планината Клепа** е сеуште активен. На терен на лице место има повеќе од 30 лица кој го гасат пожарот и тоа од **ТППЕ Велес,** 12 пожарникари со една цистерна, **ШС Бабуна** со 7 вработени, **ЕЛС Велес** со 5 вработени, 5-6 доброволци активирани од **ДЗС**, **ЕЛС Чашка** со една екипа и една цистерна, како и граѓани од месно население. Од **опш.Чашка и Велес** поднесено било барање за гаснење од воздух поради интензитетот на пожарот и непристапниот терен. Авионите и хеликоптерот дејствувале од 16:30 до вечерните часови.

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ШС Лешница – Тетово,** во која се наведува дека пожарот високо над **селата Варвара** и **Брезно** на **Шар Планина** е сеуште активен. Во 19:00 часот од **ШС Лешница – Тетово** известиле дека нема опасност да зафати дел од шумата. Гори само сува трева помеѓу карпестиот терен.

***1.2. Останати пожари***

**РЦУК – Скопје,** известува дека **БППЗ на Град Скопје** во текот на денот имале 6 помали интервенции за запалена сува трева, стрниште и смет во градот и околината.

**РЦУК – Велес,** известува дека **ТППЕ Велес** имале една помала интервенција на запалена сува трева пред **наплатната рампа Сопот**.

**ТППЕ Свети Николе** и **ТППЕ Куманово** со 4 ПП возила и 14 пожарникари, 5 вработени од **ШС „Свети Николе“**, 4 вработени од **ДПД „Свети Николе“** и 4 граѓани од месното население, од 08:00 до 18:50 часот гаснеле запалена дабова шума на површина од 10 Ха во атарот на **с.Павлишенци.** Во гаснењето на пожарот биле вклучени и воздухопловите на **ДЗС.**

**РЦУК – Тетово**, известува дека **ТППЕ Тетово** во текот на денот имале и 1 помала интервенција за запалена сува трева покрај **патот Тетово – Брвеница.**

**ТППЕ Гостивар,** со 12 пожарникари и 6 ПП возила, од 18:30 до 21:30 часот гаснеле запалена штала во атарот на **с.Горјане.**

Имале и една помала интервенција на запален смет во атарот на **с.Митрови Крсти**.

**РЦУК Куманово,** известува дека **ТППЕ Куманово,** имале една помала интервенција на запалена сува трева во атарот на **с.Речица.**

## 2. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

### *2.1. Водоснабдување*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација** во која се наведува дека поради дефект на водоводна цевка на **ул.Алексо Демниевски бр.60** во **нас.Ѓорче Петров,** од 11:00 до 15:35 часот, без вода биле корисниците од **истата улица** и дел од **улиците Мис Стон** и **Ѓуро Салај** (опш.Ѓорче Петров).

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Стандард Дебар** во која се наведува дека од 13:00 до 16:00 часот во **градот Дебар** има рестрикции во водоснабдувањето.

### *2.2. Производство на електрична енергија*

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** е во застој, **ТЕ – 2** работел со снага од 180 MW и **ТЕ – 3** работел со снага од 210 MW.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 130.000 квч електрична енергија.

### *2.3. Нарушување на сообраќајот*

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **18:20** часот на ден **31.08.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен. Бележиме зголемена фреквенција на возила на ГП Табановце каде времето на чекање за излез од државата е од 45 до 60 минути. На останатите гранични премини, од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

Забраните за движење на тешки товарни возила, на државните патишта и на магистралниот пат, Скопје – Охрид – Скопје се на сила до 01.09.2019 година и истите важат за време на викендите во одредени временски интервали.

**АМСМ** известува и дека на неколку места низ државата се изведуваат градежни работи на пат, каде е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски Железници** во која се наведува дека заради високите температури во периодот од 12:00 до 19:00 часот, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/h.**

## 3. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА

### *3.1. Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза*

Од **УХМР** известуваат дека денес времето ќе биде сончево и топло со мала до умерена облачност. Ќе дува слаб до умерен ветер претежно од североисточен правец. Минималната температура ќе биде помеѓу 9 и 17, а максималната ќе достигне од 29 до 37 степени. УВ=7.

Од понеделник ќе преовладува сончево време со умерена облачност, а ќе има и услови за изолирана појава на краткотраен дожд и ретки грмежи, особено во западните делови. Дневните температури ќе бележат постепено опаѓање.

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.243 од 31.08/01.09.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/242-4 од 31.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/527 од 31.08.2019; Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/292 од 31.08.2019; со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Велес бр.16-01/243 од 31.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Штип бр.16-3.241 од 31.08.2019; Информација од РЦУК Тетово бр.17-266 од 31.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/342 од 31.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Временска прогноза и Информација од УХМР од 31.08.2019; Известувања од АМСМ од 31.08 и 01.09.2019.

**Подготвил:** Томислав Пуреовски
**Прегледал:** Петре Наков

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Кабинет на Министерот**
**Агенција за храна и ветеринарство**
**Управа за хидрометеоролошки работи**

8. Министерство за здравство
**Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
**Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
**Кабинет на Министерот**
**Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
**Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива